# Мониторинг на медиумското известување за корупцијата во Македонија

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

Центар за граѓански комуникации

# *Мониторинг на медиумското известување за корупцијата во Македонија*

Скопје, август 2011 година

**Издавач:**

Центар за граѓански комуникации

**Автори:**

Герман Филков, Сабина Факиќ

**Лектор:**

Татјана Б. Ефтимоска

**Графичка подготовка и печат:**

„Винсент Графика“

**Тираж:**

200 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

343.352:316.776]:005.584.1(497.7)”2011”

ФИЛКОВ, Герман
Мониторинг на медиумското известување за корупцијата во Македонија / [Герман Филков, Сабина Факиќ]. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2011. - 20 стр. ; 23 см

ISBN 978-9989-2756-4-7
1. Факиќ, Сабина [автор]
а) Корупција - Медиуми - Мониторинг - Македонија - 2011
COBISS.MK-ID 89272842

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за граѓански комуникации и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

**Вовед** ........................................................................................................ 5

**Методологија** на истражувањето ........................................................................ 6

**Клучни наоди** .............................................................................................. 7

**Резултати** од мониторингот на медиумите ............................................................ 9

**Заклучоци** .................................................................................................. 18

# ВОВЕД

Центарот за граѓански комуникации, од своето формирање во 2005 година до денес, останува посветен на заложбите за јакнење на улогата на медиумите како моќно оружје во борбата против корупцијата. Значаен дел од тие заложби е насочен кон постојано унапредување на професионалните новинарски стандарди во известувањето за корупцијата. Центарот за граѓански комуникации ја остварува оваа своја мисија главно преку периодичен мониторинг на начинот на кој македонските медиуми известуваат за корупцијата, како и преку обуки за новинари за подобрување на нивните знаења и вештини за истражување и известување за корупцијата.

Со професионално и квалитетно известување за корупцијата, медиумите придонесуваат кон зголемување на притисокот на јавноста врз носителите на јавно доверената моќ за транспарентност, отчетност и одговорност, кон зголемување на свеста за штетноста на корупцијата и на притисокот врз надлежните институции да преземаат мерки за разрешување на корупциските случаи.

Бидејќи станува збор за нискоризична и високоисплатлива активност во која учесниците имаат заемен интерес да молчат за делото – корупцијата многу полесно се одвива и се шири отколку што се открива и докажува. Ова, пак, ја наметнува потребата новинарите да бидат упорни и темелни во истражувањето на корупциските случаи. Истражувачкото новинарство не е лесна работа. Тоа бара знаење, посветеност, пожртвуваност, но и време и други ресурси. За него се потребни поволни услови во општеството, но и разбирање, волја и капацитет кај медиумските сопственици.

Освен медиумите, клучна улога во борбата против корупцијата и во притисокот врз властите да работат за јавниот интерес имаат и невладините организации, особено преку своите т.н. ‚вочдог' активности. Но, нивните активности во оваа насока најчесто остануваат изолирани и недоволно гласни. Соработката меѓу невладините организации и медиумите, кои можат да бидат моќни партнери во борбата против корупцијата, е мала и непостојана. Поради тоа, многу истражувања, експертизи и знаења што ги поседува невладиниот сектор остануваат недостапни за пошироката јавност, а од друга страна, медиумите не успеваат да ги поддржат и да ги зајакнат своите новинарски извештаи со анализите, наодите и податоците до кои доаѓаат невладините организации.

Оттука, проектот во чии рамки се спроведе и ова истражување на медиумското известување за корупцијата е насловен како „Медиумите и невладините организации против корупцијата“. Негова главна цел е да ја зајакне улогата на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата во Македонија. Проектот треба да ги зголеми капацитетот, вклученоста и соработката меѓу медиумите и невладините организации во борбата против корупцијата. Предевидено е да се иницира мрежа на медиуми и невладини организации за борба против корупцијата, кои за таа намена ќе усвојат и ќе потпишат специјална декларација. Овој проект се спроведува во партнерство со невладините организации Балканска истражувачка мрежа (БИРН) – Македонија од Скопје и ЕХО од Штип.

Инаку, Центарот за граѓански комуникации е формиран во 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани кое ги фокусира своите активности врз антикорупцијата, во две клучни меѓусебно поврзани насоки. Првата, откривање корупциски практики и предлагање мерки и политики за сузбивање на корупцијата. Втората, поддршка и унапредување на медиумите за поефикасна реализација на нивната улога во борбата против корупцијата. Во оваа насока, ЦГК досега има изработено и предложено неколку стотини конкретни предлози и препораки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалните власти, има обучено речиси 200 новинари од националните и од локалните медиуми за истражување и известување за корупција и има објавено петнаесетина истражувања и прирачници.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Предмет на директен мониторинг беа написите за корупција објавени од 1 јануари до 31 март 2011 година, во три дневни весници („Дневник“, „Време“ и „Коха“), две телевизии кои емитуваат програма на национално ниво („А1 ТВ“ и „Алсат М“) и две телевизии кои емитуваат програма на локално ниво („Тера“ од Битола и „Ирис“ од Штип). Предмет на анализа во рамките на ова истражување се збирните резултати од мониторингот, а не резултатите на кој и да е одделен медиум.
Во мониторингот беа вклучени написи кои се однесуваат на корупцијата, корупциските практики, обвинувањата и сомничењата за корупција, злоупотребата на јавни средства, како и на преземените антикорупциски мерки, активности и политики. Мониторингот се спроведе во периодот од април до јуни 2011 година.

Објавените написи и нивната содржина, меѓу другото,
се анализираа од следниве аспекти:

- Страница на која е објавен текстот;
- Рубрика во која е објавен текстот;
- Големина на текстот;

- Најава на текстот на насловната страница;
- Илустрации на текстот;
- Автор на текстот;
- Жанровска припадност на текстот;
- Број, статус, официјалност и локација на изворите во текстот;
- Фер и балансиран пристап;
- Повод за написот;
- Областа во која се јавува примерот на корупција;
- Актот на корупција;
- Поседување документи и докази за потврда на корупцијата,
- Припадност на актерот на корупцијата (сегашна или поранешна власт).

Методологијата на истражувањето и обрасците за мониторингот беа изработени на таков начин што ќе можат да дадат одговор на следниве клучни прашања:

- Во колкав обем македонските медиуми известуваат за корупцијата?
- Дали при известувањето на оваа тема се зачувани основните професионални стандарди во новинарството?
- Колку е известувањето балансирано, објективно и дали се консултираат сите страни од приказната?
- Дали текстовите од оваа област се поттикнати од самостојни и оригинални истражувања на новинарите или се само известувања за настани организирани на оваа тема?
- Во колкав обем текстовите ги содржат елементите: веродостојност, релевантност, доверба и кредибилитет?
- Колку медиумите при известувањето за корупција ја остваруваат својата улога на контролори на власта?

Имајќи ги предвид опфатот, обемот и начинот на мониторирање, станува збор за еден од најопфатните и најпродлабочените мониторинзи што е спроведен во земјава, кој нуди релевантни квантитативни и квалитативни показатели за начинот на кој медиумите информираат за корупцијата.

# КЛУЧНИ НАОДИ

- Релативно честа е застапеноста на корупцијата како тема во медиумите.
- За корупцијата не се пишува/зборува на почетните страници и во првите минути од вестите.
- Текстовите за корупција доминантно не се најавуваат на насловните страници или во ударните вести.
- По една третина текстови се мали, средни и големи.
- Малку текстови се илустрирани со оригинална фотографија или со автентични снимки.
- Жанровски доминираат вестите далеку над истражувачките приказни.
- Авторот не е познат речиси кај половина од текстовите.
- Самостојно истражување на новинарот било повод за исклучително мал број текстови.
- Повеќе од половина од текстовите немаат извори или имаат само еден извор.
- Полицијата, политичките партии и функционерите се главни извори на медиумите за информациите за корупција.
- Повеќе од половина од текстовите имаат само една страна во приказната.
- Изворите се доминантно наведени.
- Доминираат официјалните пред неофицијалните извори.
- Актерот на корупцијата не е консултиран во доминантен дел од текстовите.
- Новинарот не поседува, ниту видел докази (документи) за потврда на пишувањата за корупција во доминантен дел од текстовите.
- Злоупотреба на службената положба е најчестиот акт на корупција за кој објавувале македонските медиуми.
- Половина од текстовите се однесуваат на корупција во владините институции.
- Во доминантен дел од текстовите, актерот на корупцијата ѝ припаѓа на сегашната власт.

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

**Релативно честа е застапеноста на корупцијата како тема во медиумите.** Во периодот од 1 јануари до 31 март 2011 година, во седумте медиуми опфатени со мониторингот се објавени вкупно 242 новинарски текстови за корупција. Ова значи дека, во просек, секој медиум објавувал текст за корупцијата секој втор ден. Забележително е дека дневните весници, без исклучок, објавувале многу повеќе и почесто текстови за корупција отколку телевизиите. Споредено со сличниот ваков мониторинг, направен за 2008 година, се забележува намалување на бројот на текстови во медиумите за корупција. Тогаш, медиумите објавувале текстови за корупцијата речиси секојдневно.

**За корупцијата не се пишува/зборува на почетните страници и во првите минути од вестите.** Текстовите за корупција, во просек, се објавувани меѓу 7.-та и 8.-та страница во весниците (точниот просек е 7,5) и во 14.-та минута во централните телевизиски вести. Што се однесува на рубриките (иако тие се различни во различни весници и во телевизиски вести), текстовите за корупција најмногу се објавувани во рубриките ‚Актуелно' (18%), ‚Македонија' (14%), ‚Хроника' (12%) и ‚Економија/Пари' (7%), додека кај телевизиите – сите се објавени во делот на вестите од земјава. Сепак, споредбата со сличното вакво истражување за 2007 година покажува намалување на бројот на текстови за корупција кои се објавени во рубриката ‚Хроника/Црна хроника' за сметка на другите рубрики, пред сè ‚Македонија'.

**Текстовите за корупција доминантно не се најавуваат на насловните страници или во ударните вести.** Дури две третини од текстовите за корупција (66%) не се најавени или не се објавени на насловните страници во весниците или во најавата на ударните вести (вестите на денот или т.н. форшпан) на телевизиските вести. По 13% од текстовите се најавени во ударните вести на телевизиите и на насловните страници од весниците, но само со насловот, додека 8% од текстовите во весниците, покрај насловот, имаат објавено и дел од текстот. Споредено со претходното истражување, овде се забележува извесно зголемување на бројот на текстови за корупција кои се најавуваат на насловните страници во весниците.

**Слика 1. Најава на текстот на насловната страница / ударните вести**




**По една третина текстови се мали, средни и големи.** Од аспект на големината на текстот, еднакво се застапени малите (33%), средните (34%) и големите (33%) текстови. Притоа, малите текстови повеќе се застапени кај весниците, додека големите кај телевизиите. Споредбата со претходното истражување покажува значително намалување на бројот на малите текстови на сметка на поголемите.

**Слика 2. Големина на текстот**



**Малку текстови се илустрирани со оригинална фотографија или со автентични снимки.** Што се однесува на илустрациите на текстовите (фотографиите и снимките), доминираат текстови со општа (тематска) фотографија или снимка (45%) и текстови без фотографија (31%). Со оригинална (автентична) фотографија или снимка се илустрирани значително помал дел од текстовите (24%). Споредено со претходното истражување, особено забележително е намалувањето на бројот на текстови без фотографија, но претежно за сметка на текстови со општа или тематска фотографија.

**Слика 3. Дали текстот содржи фотографија?**




**Жанровски доминираат вестите далеку над истражувачките приказни.** Според жанровската припадност на текстовите, без оглед на нивната различна големина, најмногу се застапени вестите (83%), за разлика од анализите (7%), истражувачките приказни (4%), коментарите (4%) и др. Ова зборува дека текстовите за корупција во медиумите се доминантно предизвикани и поврзани со настани, а незначително со оригинални истражувања и со анализи на новинарите. Поврзано и со големината на текстовите, во рамките на вестите, малку побројни се проширените вести во однос на кратките вести. Споредбата со минатото истражување покажува речиси непроменета состојба кога станува збор за жанровската доминација на вестите, но значителен пад и преполовување на бројот на истражувачки приказни. Единствен пораст бележи жанрот анализа.

**Слика 4. Жанровска припадност на текстот**



**Авторот не е познат кај речиси половина од текстовите.** Во дури 44% од објавените текстови не е познат новинарот кој е автор на текстот. Во 21% од текстовите авторот е потпишан само со иницијали, 14% од текстовите се преземени од новинска агенција или од друг медиум, а во 9% авторот воопшто не е познат. Новинарот е потпишан со целосно име и презиме во 56% од објавените текстови за корупција. Во споредба со претходното истражување, се забележува пораст на бројот на текстови чиишто автори се познати.

**Слика 5. Веродостојност на текстот**




**Самостојно истражување на новинарот било повод за исклучително мал број текстови.** Само во 4% од објавените новинарски текстови за корупција, повод за текстот било самостојно истражување на новинарот. Во другите случаи (90%), доминантно, повод за текстот бил некој настан, било да е автентичен или псевдонастан (прес-конференција, изјава, соопштение, седница и сл.). Споредбата со претходното истражување зборува за влошување на состојбата со истражувачкото новинарство и за преполовување на, и онака многу малиот број на текстовите чиј повод било некакво самостојно истражување на новинарот.

**Слика 6. Повод за текстот**



**Повеќе од половина од текстовите немаат извори или имаат само еден извор.** Кога станува збор за бројот на извори, само помалку од половина од текстовите (47%) имаат два или повеќе извори, додека висок процент (38%) имаат само еден извор, а дури 15% од текстовите немаат назначено ниту еден извор на информациите. Ова, споредено со резултатите од истражувањето пред три години, сепак зборува за извесно подобрување од аспект на користење извори во текстовите за корупција.

**Слика 7. Број на извори**




**Полицијата, политичките партии и функционерите се главни извори на медиумите за информациите за корупција**. Што се однесува на локацијата на изворите во новинарските текстови за корупција, како институција доминира Министерството за внатрешни работи (15%), по кое како извори следат политичките партии (12%), општините (10%), невладините организации (9%) и Владата (7%). Како извор се значајни и носителите на разни јавни функции (16%).

**Слика 8. Локација на изворите**



**Повеќе од половина од текстовите имаат само една страна во приказната**. Во дури 54% од текстовите консултирана е само една страна во приказната, додека две или повеќе страни се консултирани и наведени во 31% од текстовите. 15% од текстовите немаат ниту една страна во приказната. Состојбата од аспект на страните во приказните останува речини непроменета како и во претходното истражување спроведено пред три години.

**Слика 9. Страни во приказната**




**Изворите се доминантно наведени.** Анонимни извори се користени само во 4% од текстовите, што се совпаѓа со процентот на истражувачки приказни. Во дури 73% од текстовите изворите се наведени, додека 8% од текстовите содржат и наведени, и анонимни извори. 15% од текстовите немаат никакви извори. Споредено со претходното истражување, зголемен е бројот на текстови со наведени извори, а намален со анонимни извори.

**Слика 10. Статус на извори**



**Доминираат официјалните пред неофицијалните извори.** Во повеќе од половина од текстовите (59%) се користени официјални извори, додека во помал број (10%) станува збор за неофицијални извори. 16% од текстовите користеле и официјални и неофицијални извори, додека 15% немаат никакви извори.

**Слика 11. Официјалност на изворите**




**Актерот на корупцијата не е консултиран во доминантен дел од текстовите.** Во дури 64% од објавените текстови не е воопшто консултиран актерот на корупцијата. Тој/таа се консултирани и дале изјава (цитирана или парафразирана) во 29% од текстовите, додека се консултирани, но не сакале да дадат изјава во 7% од текстовите. Споредбата со минатото истражување покажува само мало намалување на бројот на текстови во кои актерот на корупција не е консултиран.

**Слика 12. Дали е консултиран актерот на корупцијата?**



**Новинарот не поседува, ниту видел докази (документи) за потврда на пишувањата за корупција во доминантен дел од текстовите.** Во дури 62% од објавените текстови, од самиот текст се сфаќа дека новинарот ниту поседува, ниту видел некакви докази или документи со кои се потврдува чинот на корупција за којшто пишува во текстот. Само во 26% од текстовите може да се сфати дека новинарот поседува или барем видел вакви докази, додека во 12% од текстовите тоа не може да се оцени. Овде има позабележително влошување во споредба со претходното истражување и пораст на бројот на текстови во кои новинарот не поседува, ниту видел докази за корупцијата за којашто пишува.

**Слика 13. Поседување на документи/потврда за корупцијата**




**Злоупотребата на службената положба е најчестиот акт на корупција за кој објавувале македонските медиуми**. Во дури 72% од објавените текстови како акт на корупција се јавила злоупотребата на службената положба. Со помала застапеност се непотизмот и кронизмот (9%), поткупот (7%) и конфликтот на интереси (7%). Во споредба со претходното истражување, се забележува пораст на бројот на текстови во кои како акт на корупција е злоупотребата на службената положба, а намалување на бројот на текстови во кои како акт на корупција е поткупот.

**Слика 14. Акт на корупцијата**



**Половина од текстовите се однесуваат на корупција во владините институции.** Точно 50% од објавените текстови пишуваат за корупција во владините институции, а помал број за корупција во локалната самоуправа (13%), во јавната администрација (9%), во здравството (7%), во бизнисот (7%) и во судството (4%). Споредено со претходното истражување, има значителен пораст на бројот на објавени текстови за корупција во владините институции, а намалување на бројот на текстови за корупција во локалната самоуправа.

**Слика 15. Област на корупција**




**Во доминантен дел од текстовите, актерот на корупција ѝ припаѓа на сегашната власт.** Во повеќе од две третини од објавените текстови (69%), актерот на корупција се лоцира во сегашната власт, додека во помал број од објавените текстови (5%), актерот ѝ припаѓа на минатата власт. За 26% од текстовите, не може да се оцени припадноста на актерот на корупцијата. Во споредба со истражувањето пред три години, расте бројот на текстови во кои актерот на корупција се лоцира во сегашната власт, а се намалува бројот на текстови во кои актерот може да се лоцира во минатата власт.

**Слика 16. Припадност на актерот на корупција**



# ЗАКЛУЧОЦИ

Резултатите од мониторингот и од анализата на начинот на којшто медиумите информираат за корупцијата во 2011 година, како и неминовната споредба со сличното вакво истражување спроведено за 2008 година, упатуваат на генералната оценка дека **медиумите во Македонија и натаму не ја остваруваат својата улога во борбата против корупцијата** и сè уште е широк просторот за унапредување на професионалноста и на начинот на известување за корупцијата.

И покрај тоа што во одделни сегменти се забележува одредено подобрување во споредба со состојбата пред три години, сепак сè уште постои **многу често отсуство дури и на основните професионални новинарски стандарди во текстовите за корупција**.

Фактот што од една страна е намален бројот на текстови за корупција, а од друга страна, фактот што половина од текстовите се без извори или само со еден извор, со претставување само на едната страна, без докази за тврдењето за корупција, без консултирање на ‚актерот' на корупцијата и сл. зборува дека **намалениот број на текстови не значи и зголемување на нивниот квалитет.**

Преполовувањето на бројот на текстови за корупција во кои поводот бил самостојно истражување на новинарот зборува за **влошување на состојбата со истражувачкото новинарство,** кое се смета за суштински начин да се разоткријат корупциските активности кои, пак, според нивната природа, се тајни. Ако на ова се додаде фактот што расте бројот на новинарски текстови за корупција кои се поттикнати од некој настан продуциран од државните органи – тогаш може да се констатира дека медиумите не ја претставуваат реалната слика за корупцијата во земјава и за борбата против неа. Со ова, **медиумите не ја остваруваат својата општествена функција на контролори на власта**.

Спротивно на природата на темата, дури две третини од текстовите за корупцијата се мали и средни според својата големина и должина. Поради ова може да се заклучи дека **темите поврзани со корупцијата се третираат само информативно (пренесување на настан) и површно**, без продлабочени, посеопфатни и подетални истражувања и анализи.

Имајќи предвид дека голем број од текстовите за корупција не се потпишани од новинарот кој е автор на текстот, а огромен број текстови не нудат докази за тврдењата за корупција, ниту се поткрепени со каква било автентична фотографија за илустрација на тие тврдења, може да се заклучи дека на текстовите за корупција и натаму **им недостигаат веродостојност, релевантност, доверба и кредибилитет**. Оваа состојба може да се протолкува како несериозен пристап на медиумите кон проблемот со корупцијата.

Фактот што повеќе од половина од текстовите за корупција воопшто немаат извори или имаат само еден извор, ја претставуваат само едната страна во приказната и воопшто не го консултираат актерот кој се сомничи за корупцијата зборува дека новинарите ги земаат безрезервно изјавите на креаторите на настаните (најчесто државните институции). На тој начин, **медиумите не ги почитуваат ни основните професионални стандарди во известувањето**: фер и балансиран пристап кон страните во приказните, односно консултирање и претставување на сите страни, со еднаков и непристрасен пристап кон некоја од нив. Сето ова остава голем простор за злоупотреба и манипулација со медиумите.

Малиот број на текстови за корупцијата кои се најавени на насловните страници на весниците и во ударните вести на телевизиите, како и приближното совпаѓање на бројот на текстови кои во себе ги содржат основните професионални елементи со оние кои со најавуваат на насловните страници и во ударните вести, зборува дека **медиумите се можеби свесни за своето непрофесионално известување за корупцијата.** Оттука и заклучокот дека медиумите би објавиле и повеќе текстови на насловните страници и во ударните вести или на понапредните страници и во првите минути од вестите, доколку имаат попрофесионални текстови.

Имајќи ги предвид овие заклучоци, како и дискусиите и размислувањата на самите новинари искажани на претстојните дебати по овој повод, Центарот за граѓански комуникации ќе предложи и конкретни препораки за унапредување на новинарското истражување и известување за корупцијата во Македонија. Препораките ќе бидат јавно објавени и доставени до сите релевантни медиуми во земјава, а повеќе од 20 новинари ќе бидат и обучени за нивна примена во секојдневното известување за корупцијата. Веруваме дека сето ова заедно ќе придонесе кон зголемување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата во Македонија, а со тоа и кон создавање на подобри услови за живеење и работење.